РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2560/1
30-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3180/1 од 03.12.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности во Секторот за урбанизам при Општина ----------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека од аспект на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавените наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-3180/1 од 03.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 03.12.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од страна на познат подносител, со наводи за сомневање за неправилности во Секторот за урбанизам при Општина ---------, по која е оформен предмет број 12-3180/1 од 03.12.2025 година.
Во конкретниот случај станува збор за сомневање дека од страна на службени лица вработени во Секторот за урбанизам при Општина -------------, намерно била одолговлекувана постапката за извршување на правосилно Решение за одобрение за градба со бр.------------ за КП ----------- КО -------------, а кое се однесувало на градење на парцела во сопственост на подносителот во пријавата. Во пријавата се известува дека и по правосилност на наведеното решение, постоело опструкција по однос на документација за предметната постапка за градење поради што подносителот не можел да отпочне со градењето, а за што тој се сомнева дека влијание на лицата во општината имал неговиот сосед се со цел да се поништи издаденото решение за градење.
За предметниот случај, подносителот поднел кривична пријава до ОЈО -----------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право по однос на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, а воедно подносителот на пријавата се обратил до соодветни надлежни органи –ОЈО -----------------.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК